РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Ул. „ Димитрие Чуповски“ бр.13
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 17 точка ѓ) и член 45 став (9) и (10) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 13/2005, 14/2007, 55/2007 98/2008, 83/2010, 13/2012 и 59/2012) и член 5 од Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување (Службен весник на Република Македонија број 154/2008 и 40/2011), во постапка на измена на референтната понуда за интерконекција на НЕОТЕЛ ДОО Скопје по службена должност, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 19.06.2012 година донесе

# О Д О Б Р Е Н И Е

I

СЕ ОДОБРУВА измена на Референтната понуда за интерконекција, доставена со допис број 0601-705/1 од 25.05.2012 година на НЕОТЕЛ ДОО Скопје, во точка 1.1 од ПРИЛОГ 3 НАДОМЕСТОЦИ.

II

СЕ ЗАДОЛЖУВА НЕОТЕЛ ДОО Скопје, во рок од 5 дена од денот на приемот на ова одобрение да ја објави одобрената измена на Референтната понуда за интерконекција како што е утврдено во точка I на ова одобрение и истата да ја применува првиот ден од наредниот месец кој следи по месецот во кој е добиено ова одобрение.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за електронски комуникации со решение број 02-755/9 од 30.04.2012 година ги задолжи НЕОТЕЛ ДОО Скопје да изврши измена на референтната понуда за интерконекција на начин определен во точката I од диспозитивот на решението.

Постапувајќи по горе наведеното решение, а во согласност со член 45 став (9) од Законот за електронските комуникации НЕОТЕЛ ДОО Скопје со допис број

0601-705/1 од 25.05.2012 година до Агенцијата за електронски комуникации достави на одобрување измена на референтната понуда за интерконекција.

Во постапката на одобрување на доставената измена на Референтната понуда за интерконекција, Агенцијата за електронски комуникации утврди дека измената во точка 1.1 од ПРИЛОГ 3 НАДОМЕСТОЦИ е во согласност со задолжението на Агенцијата за електронски комуникации определено во точка I од диспозитивот на решението број 02-755/9 од 30.04.2012 година

Со оглед на ова, а во согласност со член 45 став (9) и (10) од Законот за електронските комуникации и член 5 од Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување, директорот на Агенцијата за електронски комуникации го донесе ова одобрение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одобрение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Советник за работи од областа на правото

Лилјана Денковска

Советник за работи од областа на телекомуникациите

Синиша Апостолоски

Сектор за анализа на пазарот

Раководител

Васка Петровиќ

Директор

Роберт Ордaноски

Одобрил: Владимир Ристевски

Наш број 02-755/20

Скопје 21.06.2012

**ПРИЛОГ 3. НАДОМЕСТОЦИ**

1. Надоместоци за Интерконекциската услуга која НЕОТЕЛ ја обезбедува на Операторот

1.1 Надоместоци за интерконекциската Услуга за терминирање на национален говорен сообраќај во мрежата на НЕОТЕЛ кој оригинира од мрежата на Операторот.

| **Основни Услуги За Сообраќај** | **Надомест по минута сообраќај** | |
|---|---|---|
| | **Период со нормална тарифа** | **Период со ефтина тарифа** |
| | **МКД/минута** | **МКД/минута** |
| **Услуга За Национално Терминирање** | **0,55 ~~0,73~~** | **0,23 ~~0,31~~** |

Сите надоместоци се без вклучен ДДВ.